СТ-427/10

Р.

**ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**, преку стечаен судија Ирена Петрушевска, постапувајќи во стечајната постапка отворена над стечајниот должник Приватна здравствена установа ГРАДСКА АПТЕКА СКОПЈЕ - во стечај, вон рочиште, на ден 19.10.2021 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

I

Стечајната постапка над стечајниот должник Приватна здравствена установа ГРАДСКА АПТЕКА СКОПЈЕ - во стечај, со седиште на ул. Даме Груев блок 4 локал 7 Градски зид Скопје, со единствен матичен број на субјектот на уписот 6196650 и единствен даночен број 4030006623051, **СЕ ЗАКЛУЧУВА**.

Да се објави Оглас на огласната табла на судот, во Службен весник на РСМ и на Веб страната на Централниот регистар на РСМ.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник Ацо Петров од Скопје да врши надзор и контрола на спроведување на Планот за реорганизација на стечајниот должник Приватна здравствена установа ГРАДСКА АПТЕКА СКОПЈЕ - во стечај и да доставува извештај за спроведувањето на Планот и натамошните очекувања од спроведувањето на истиот, најмалку еднаш на шест месеци до судот и до Одборот на доверители.

**СЕ ОВЛАСТУВА** стечајниот управник Ацо Петров од Скопје да ги доврши следните постапки:

- Постапка пред Основен граѓански суд Скопје 56 ТС 709/14 во која како тужител се јавува ФЗОМ, а тужен ПЗУ Градска аптека Скопје - во стечај;

- Постапка пред Основен граѓански суд Скопје 54 ПЛА-ТС 950/14 во која како тужител се јавува Фарма -Корп ДОО Скопје - во стечај, а тужен а тужен ПЗУ Градска аптека Скопје - во стечај;

- Постапка пред Основен граѓански суд Скопје 41 ПЛ1-ТС 2028/17 во која како тужител се јавува ГЕОМАП-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, а тужен ПЗУ Градска аптека Скопје - во стечај;

- Постапка пред Основен граѓански суд Скопје 57 ТС1 135/21 во која како тужител се јавува ПЗУ Градска аптека Скопје - во стечај, а тужен Друштво АОЉЕН ДООЕЛ Скопје.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** награда и надоместок на стечајниот управник Ацо Петров од Скопје во месечен износ од 30.000,00 денари плус персонален данок и ДДВ на име трошоци за надзор врз спроведувањето

на Планот за реорганизација на товар на Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд Скопје II Скопје со решение I.Ст.бр.427/10 од 18.10.2010 година отвори стечајна постапка над стечајниот должник Приватна здравствена установа ГРАДСКА АПТЕКА СКОПЈЕ - во стечај.

На извештајното собрание одржано на 1.7.2011 г. од страна на доверителите донесена е одлука за затворање на деловниот потфат и впаричување на имотот. Судот со решение СТ 427/10 од 18.2.2020 г. го прифати предлогот на доверителот Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје и ја промени одлуката донесена на Собранието на доверители од 1.7.2011 г., па одлучи деловниот потфат да одлучи преку изготвување на План за реорганизација.

Од страна на Собранието на доверители е прифатен Планот за реорганизација од 16.4.2020 г. и пречистениот текст на Планот за реорганизација од 27.10.2020 година.

Со решение од 18.11.2020 г. одобрен е Планот за реорганизација од 16.4.2020 г. и пречистениот текст на Планот за реорганизација од 27.10.2020 година.

На ден 18.[illegible].202[illegible] година стечајниот управник Ацо Петров има доставенопредлог за заклучување на стечајната постапка над должникот и бара да биде [illegible] да продолжи да ги извршува своите обврски согласно Планот за реорганизација и Законот за стечај, како и да спроведува надзор за целосна реализација на планот.

Судот донесе одлука како во диспозитивот на решението од следните причини:

Согласно чл. 243 став 1 од Законот за стечај по правосилноста на решението со кое стечајниот судија го одобрил предложениот план за реорганизација, стечајниот судија ќе донесе посебно решение за заклучување на стечајната постапка. Согласно став 2 пред заклучувањето на постапката стечајниот управник ќе ги намири побарувањата на доверителите на стечајната маса ако тие не биле оспорени и ќе даде обезбедување на оспорените побарувања.

Согласно чл.244 став 1 од Законот за стечај стечајниот управник и членовите на одборот на доверители ги имаат овластувањата на овој закон до заклучувањето на стечајната постапка, освен кога со овој закон поинаку не е уредено. По заклучувањето на стечајната постапка субјектот кој се реорганизира според Планот за реорганизација стекнува право непречено да располага и да управува со имотот, освен со имотот и правата кои според чл.215 став 3 и 4 од овој закон се содржани во усвоениот план за реорганизација.

Согласно чл. 245 став 1 од Законот за стечај, содржинскиот дел од

планот за реорганизација може да содржи одредби што ќе го регулираат надзорот и контролата врз спроведувањето на планот по заклучувањето на стечајната постапка.

Согласно чл. 246 став 1 од Законот за стечај, надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација, по заклучувањето на стечајната постапка може да му биде доверен на стечајниот управник или на други лица (контролор). За таа цел и натаму ќе постојат овластувањата и обврските на стечајниот управник и на членовите на Одборот на доверителите ако таков одбор бил основан, како и надзорот на стечајниот судија. Според став 2 од истиот член, додека трае надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација, најмалку еднаш годишно стечајниот управник, односно контролорот, поднесува извештај до Одборот на доверители, ако таков одбор бил основан, и до стечајниот судија за спроведувањето и за натамошните очекувања од спроведувањето на планот за реорганизација. Одборот на доверители и стечајниот судија имаат право во секое време посебни информации или други периодични извештаи од стечајниот управник, односно од контролорот.

Согласно чл. 253 од Законот за стечај, трошоците за надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација ќе ги сноси должникот. Во случајот со чл. 245 став 2 од овој закон трговското друштво, односно правното лице што го превзело должниковиот деловен потфат ќе ги сноси трошоците за спроведениот надзор.

Постапувајќи во согласност со цитираните законски одредби, со оглед на фактот дека решението на судот со кое е одобрен Планот за реорганизација на стечајниот должник Приватна здравствена установа ГРАДСКА АПТЕКА СКОПЈЕ - во стечај е правосилно, судот ја заклучи стечајната постапка и одлучи како во изреката на решението.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**ICT-427/10 од 19.10.2021 година**

**Стечаен судија**
**Ирена Петрушевска**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволено е право на жалба во рок од 8 дена по приемот на истото преку овој суд до Апелационен суд Скопје.

**Д.Н.** Стечаен управник Ацо Петров
- сите доверители со утврдени побарувања преку стечаен управник Ацо Петров
- ЦР на РСМ РРК Скопје
- огласна табла на судот